МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ASSOCIATION OF GP DOCTORS OF REPUBLIC OF MACEDONIA

II КОНГРЕС НА ЛЕКАРИТЕ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО
II CONGRESS OF GP DOCTORS OF REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION



# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTACTS

ОХРИД, 19 – 22 ЈУНИ, 2008
OHRID, JUNE 19 – 22, 2008

МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД – СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО ГОД. 62 (SUPPL. 71) СТР. 1 – 308, 2008
MAKEDONSKI MEDICINSKI PREGLED – JOURNAL OF MACEDONIAN MEDICAL ASSOCIATION YEAR 62 (SUPPL. 71) PAGE 1 – 308, 2008

## ПРИМЕНА НА ОЛАНЗЕПИНОТ НАСПРОТИ КОНВЕНЦИОНАЛНИТЕ НЕВРОЛЕПТИЦИ ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА ШИЗОФРЕНИЈАТА

И.Филов, Л. Кузмановски, С. Најдовска, Н. Стојческа, Психијатриска болница Демир Хисар, Демир Хисар, Р. Македонија

**ЦЕЛ**: Следејќи ги препораките и доктрините за современа медикаментозна терапија, целта на трудот е низ клиничко испитување се проценат ефектите на оланзепинот, наспроти конвенционалните невролептици во купирањето на психопатолошките особености на шизофрените растројства.

**МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ** Во испитувањето се вклучени 10 пациенти од Центар за ментално здрваје -Прилеп кај кои според МКБ 10- е дијагностицирана шизофренија и кои се лекуваат со оланзепин, 10 пациенти при Психијатриска болница Демир Хисар, лекувани со конвенционални невролептици (Haloperidol, Levopromazine, Flufenazine). Кај двете заради проценка тежината на психијатрската симптоматологија беше аплициран BPRS (Brief Psychiatic Rating Scale).

**РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА** 1. Купирањето на акутните психипатолошки симптоми во групата со оланзепин беше значително побрзо, (7 дена) за разлика од истото во групата со конвенционални невролептици (10 - 15 дена). 2. Кај пациентите во првата група се евидентираше задржување на когнитивнните функции (мислење, расудување, паметење, внимание) квалитативно повиското ниво. 3. Ајтемите на БПРС сомничавост, грандиозност необични мисловни содржини, напнатост, психомоторна ексцитираност се статистички значително (* $p<0,05$) со повисоки вредности кај групата со оланзепине во однос на групата со конвенционални невролептици.

## УПОТРЕБА НА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ДРОГИ КАЈ ЛИЦАТА НА ТЕРАПИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ СО МЕТАДОН-ШТИП

Караѓозова М., Илијева В., Панева В., Арсова Р., Општа болница, Штип, Р. Македонија

**Цел**: Да се утврди дали лицата на терапија на одржување со Метадон продолжуваат со употреба на хероин, бензодиазепини и марихуана.

**Материјали и методи**: За ова истражување е составен нестандардизиран прашалник, а за потврда на употребата на 3 супстанци користени се и тестови на урина. Испитани се 30 пациенти (29 мажи и 1 жена). Пациентите се на средна возраст од 28 год., просечната доза на Метадон е 72 мг. Сите пациенти се 2 год. на терапија на одржување со Метадон. Претходно злоупотребувале хероин од 4 до 17 год.

**Резултати**: Неколкукратните испитувања на урина во 2005 год. покажуваат дека 53% од испитаните биле + на хероин и бензодиазепини, 47% се + само на бензодиазепини. Во 2006 год. е утврдено дека 6% се + на хероин, само бензодиазепини + се 47%, а 47% се - на хероин и бензодиазепини.

Тестовите на урина за употреба на марихуана покажаа дека + се 13 (43%), а - се 17 (57%) пациенти.

**Дискусија**: Матичните лекари и фармацевтите да го намалат издавањето на рецепти за бензодиазепини и трамадол.